**Универзитетски гласник**

**Издавач**

Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ - Скопје

**Уредник на издавачката дејност на УКИМ**
***Проф. д-р Никола ЈАНКУЛОВСКИ,***
**ректор**

**Уредник на *Универзитетски гласник***
***М-р Марија Маневска,***
**генерален секретар**

**Лектура**
***БЕСТЕЛ ДООЕЛ Скопје***
***29 Владимир Каваев***
***1000 Скопје***

**Технички уредување**
***Зоран Кордоски***

# СОДРЖИНА

**СТАТУТ**
на Филозофски факултет - Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје ....................3

**ОДЛУКА**
за давање согласност на Статутот на Филозофскиот факултет во Скопје ..........25

Врз основа на член 110, став 1, точка 1 од Законот за високото образование (Сл. весник на РМ бр. 82/2018), како и член 3, став 2 и член 147 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил Методиј“ во Скопје, Наставно-научниот совет на Филозофски факултет во Скопје, na sedni cat a odr` ana na 11.IX 2019 година, донесе

# С Т А Т У Т
## на Филозофски факултет - Скопје, во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

**Предмет на уредување**

**Член 1**

Со овој Статут се уредуваат: внатрешната организација, начинот на вршење на високообразовната дејност, органите и телата, овластувањата и начинот на работа и одлучување, студентското организирање, печатот, знаците и другите обележја на Филозофски факултет - Скопје (во натамошниот текст: Факултетот), како и други прашања што се од значење за вршење на дејноста за која е основан.

За прашањата кои не се регулирани со овој Статут се применуваат одредбите од Законот за високото образование, Статутот и другите акти на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (во натамошниот текст: Универзитетот).

**Статус и основна дејност**

**Член 2**

Филозофски факултет е високообразовна установа како единица во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Факултетот врши високообразовна дејност од прв, втор и трет циклус студии, научноистражувачка и применувачка дејност во научноистражувачкото подрачје на општествените науки и научноистражувачкото подрачје на хуманистичките науки, како и во сите научни полиња што се во врска со основната дејност на Факултетот.

**Член 3**

Факултетот ја остварува дејноста од член 2 од овој Статут во согласност со Законот, Статутот и со другите акти на Универзитетот.

**Назив и седиште**

**Член 4**

Факултетот работи под назив: Република Северна Македонија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје - Филозофски факултет – Скопје.

Скратениот назив на Факултетот е: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет – Скопје.

Полниот назив на Факултетот на англиски јазик е: „Ss. Cyril and Methodius” University in Skopje, Faculty of Philosophy-Skopje, Republic of North Macedonia.

Скратениот назив на Факултетот е на англиски јазик е: “Ss. Cyril and Methodius” University in Skopje, Faculty of Philosophy-Skopje.

Седиштето на Факултетот е на адреса: бул. „Гоце Делчев“ бр. 9А, Скопје.

**Датум на основање**

**Член 5**

Факултетот е основан со Уредба на министерот за просвета на Владата на Кралството на Србите, Хрватите и Словенците, на 2 февруари 1920 година. По завршувањето на Втората светска војна Филозофскиот факултет во Скопје е основан како прва високообразовна установа во Република Македонија и продолжи со работата на 16 декември 1946 година.

**Овластувања, права, обврски и одговорности на Факултетот**

**Член 6**

Факултетот има овластувања, права, обврски и одговорности согласно со Статутот на Универзитетот, законот и овој Статут.

*Веб-страница на Факултетот*

**Член 7**

Факултетот има веб-страница на македонски и на англиски јазик на која задолжително се објавуваат:

1. Статутот на Факултетот (со сите измени и дополнувања) и другите акти со кои се уредуваат внатрешните односи;
2. сите студиски програми, решението за акредитација на секоја студиска програма одделно и решение за почеток со работа за секоја студиска програма одделно;
3. актот за систематизација;
4. деловникот за работа на Наставно-научниот совет;
5. одлуката за плати и надоместоци на Факултетот;
6. извештај и одлука за последен избор во звање за секој наставник и соработник објавени во Билтенот;
7. распоредот на работни задачи за тековната учебна година, најдоцна 10 дена пред почетокот на учебната година;
8. завршна сметка, најдоцна во рок од 10 дена од денот на усвојувањето;
9. годишен извештај на деканот, најдоцна во рок од 10 дена од денот на усвојувањето;
10. прифатени теми за изработка на магистерски трудови, најдоцна во рок од 10 дена од денот на прифаќањето;
11. прифатени теми за изработка на докторски трудови, најдоцна во рок од 10 дена од денот на прифаќањето;
12. докторски дисертации;
13. Етичкиот кодекс на Универзитетот и на Факултетот;
14. каталог на услуги;
15. информации за студентите;
16. тековни активности;
17. друго.

## II. АКАДЕМСКА ЗАЕДНИЦА И АВТОНОМИЈА

### Член 8

Лицата избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања на Факултетот и студентите на Факултетот се членови на академската заедница.

Редовните професори остануваат членови на академската заедница и по пензионирањето.

Правата и обврските на членовите на академската заедница се уредуваат со Законот за работните односи, Законот за високото образование, Статутот на Универзитетот, овој Статут и Етичкиот кодекс на Универзитетот.

Членовите на академската заедница се должни да се придржуваат на одредбите на Етичкиот кодекс на Универзитетот.

### Член 9

Факултетот својата дејност ја врши врз принципот на академска автономија. Одредбите за автономијата утврдени со закон и со Статутот на Универзитетот соодветно се применуваат и за Факултетот.

## III. МИРНО РЕШАВАЊЕ НА СПОРОВИ

### Член 10

Споровите меѓу членовите на академската заедница на Факултетот се решаваат со академска толеранција, спогодбено, во органите на Факултетот и на друг начин на академско разбирање.

Доколку спорот не може да се разреши на начин утврден во претходниот став на овој член, спорот ќе може да се решава согласно со Законот за медијација. При решавањето на споровите не може да се попречува редовното извршување на дејноста на Факултетот. Во спротивно, деканот е должен да свика седница на Деканатска управа заради преземање соодветни мерки за спречување, односно за

настнатата состојба.

## IV. ЕДНАКВОСТ. НЕДИСКРИМИНА-

### Член 11

На Факултетот се формира тело за еднаквост, недискриминација и инклузија (ЕНИ) кое се грижи за спроведување на политиките на еднаквост, недискриминација и инклузија, во согласност со законот, Статутот на Универзитетот и овој Статут.

Начинот на работа, обврските на членовите и активностите на телото за еднаквост, недискриминација и инклузија, условите и начините за постапување на и пред телото за еднаквост, недискриминација и инклузија во постапките по претставки

против дискриминација, нееднаквост и инклузија, на студентите и вработените, се утврдуваат со правилник што го донесува Наставно-научниот совет на Факултетот.

Поднесените претставки можат да се засноваат на основите наведени во Статутот на Универзитетот и Правилникот на Факултетот.

Во случај на констатирана повреда на правото, телото определува соодветни мерки за санирање на состојбата и/или санкции.

## V. ОБЕЗБЕДУВАЊЕ КВАЛИТЕТ

**Член 12**

Факултетот воспоставува систем на обезбедување, развој и унапредување на квалитетот на вршење на високообразовната дејност во согласност со меѓународните и европските стандарди.

Системот за обезбедување квалитет ги утврдува принципите, критериумите и процедурите за обезбедување квалитет во согласност со одредбите на Законот за високото образование и актите на Универзитетот, земајќи ги предвид стандардите и упатствата за обезбедување квалитет во високото образование во европскиот високообразовен простор.

Во системот за обезбедување квалитет се вклучени сите внатрешни и надворешни чинители во образованието, науката и стручната работа на Факултетот.

**Член 13**

За обезбедување на квалитетот на вршењето високообразовна дејност, Факултетот формира комисија која осмислува, спроведува и координира процедури за процена и развива внатрешни механизми заради негово подобрување.

Комисијата за обезбедување квалитет му предлага на Наставно-научниот совет, во соработка со други надлежни тела (центри, одделенија и сл.) на Факултетот, на усвојување план за активности од областа на обезбедување квалитет.

Комисијата е должна еднаш годишно да поднесе извештај за работата на системот за обезбедување на квалитет до Наставно-научниот совет.

## VI. ПЕЧАТ, ЗНАЦИ И ДРУГИ ОБЕЛЕЖЈА

**Печат**

**Член 14**

Факултетот има печат со тркалезна форма, во кој во средината е грбот на Република Северна Македонија и натпис во два реда. Во надворешниот ред: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Филозофски факултет– Скопје, а во внатрешниот ред: Република Северна Македонија.

Овој печат се употребува за архивското работење на Факултетот.

**Штембил**

**Член 15**

Штембилот на Факултетот е правоаголен и на него е испишан следниов текст: Република Северна Македонија, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет, број __-___/___ година, Скопје.

Штембилот се употребува за архивското работење на Факултетот.

**Знаци и други обележја**

**Член 16**

Факултетот има амблем, знаме, инсигнија и одора.

Изгледот на амблемот е: во овалокружна форма и со неправилни рабови од тесни и високи кирилски букви – старословенски тип, со кружен натпис: Филозофски факултет – Скопје. Надвор од натписот, од десната страна има лачно извиена маслинова гранка. Во средината има отворена книга со буквата Ф на секоја страна, а подолу од книгата мала мастилница со перо.

Ликовно-графичкиот приказ на амблемот е составен дел на овој Статут.

Изгледот на знамето е: во сина боја со амблемот од претходниот став, а од долната страна се наоѓа текстот: Универзитет „Св. Кирил и Методиј“, Филозофски факултет.

Ликовно-графичкиот приказ на знамето е составен дел на овој Статут.

**Член 17**

Факултетот има своја инсигнија која ја утврдува Наставно-научниот совет, согласно со Статутот на Универзитетот.

Инсигнијата за деканот на Факултетот се грбот на Универзитетот и делот што ги симболизира словенската писменост и култура и две обележја од дејноста на Факултетот, содржани во амблемот.

**Член 18**

На Факултетот се установува одора за деканот и за продеканите која е пропишана со Статутот на Универзитетот.

Одорите се единствени и пропишани со Статутот на Универзитетот.

Одората се носи при промоции, прослави и други свечености на Факултетот и Универзитетот, како и при претставување на Факултетот на меѓууниверзитетски и меѓународни средби, согласно со актите на Универзитетот.

**Ден на Факултетот, награди и признанија**

**Член 19**

Ден на Факултетот е **16 декември**, датумот кога Факултетот започнал со работа.

Денот на Факултетот се одбележува на свечен начин, секоја година.

**Член 20**

По повод јубилеи и други значајни настани, како и на промоции, Факултетот доделува награди, признанија и сл.

Критериумите за наградување и видот на наградите и признанијата се утврдуваат со Правилник за условите, критериумите и постапката за доделување на награди и признанија што го носи Наставно-научниот совет на Факултетот.

## VII. ДЕЈНОСТ НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 21**

Факултетот ја организира и ја остварува високообразовната, научноистражувачката и применувачката дејност како единствен процес.

Во вршењето на високообразовната, научноистражувачката и применувачката дејност, Факултетот:

1. го планира остварувањето и развојот на своите дејности во рамките на Универзитетот за кои е основан во согласност со буџетските средства од самофинансирачките активности, донации и слично;
2. врши високообразовна, научноистражувачка и применувачка дејност, во една или повеќе сродни, односно меѓусебно поврзани научни и стручни дисциплини, во една или во повеќе сродни области во рамките на Универзитетот, а по овластување, и надвор од рамките на Универзитетот и се грижи за нивниот развој;
3. остварува меѓународна соработка со сродни високообразовни и научни установи согласно со Статутот на Универзитетот и овој Статут;
4. организира научни собири, конгреси, симпозиуми, советувања и други научни уметнички и стручни собири, летни школи, како и практична и теренска настава во земјата и во странство согласно со Статутот на Универзитетот и овој Статут;
5. во рамките на интегрираниот библиотечно-информациски систем на Универзитетот, ја организира работата на библиотеката и остварува библиотечно-информациска и документациона дејност;
6. издава уверенија и други документи за завршени студии и други видови образование, според условите утврдени со Статутот на Универзитетот, како и други документи за статусот на студентот во текот на студирањето;
7. издава документи врз основа на продавање на научни и стручни услуги и производи;
8. предлага и презема мерки за унапредување и заштита на стандардот на студентите и вработените;
9. остварува различни форми за надградување, продлабочување или проширување на знаењата и континуирано образование во согласност со актите на Универзитетот;
10. разменува научни и стручни услуги и производи со домашни и странски физички и правни лица;
11. организира стручна и административна служба во согласност со актите на Универзитетот и на Факултетот;

12. врши издавачка дејност во согласност со актите на Универзитетот и на Факултетот;
13. се грижи и презема мерки за усовршување на кадрите што изведуваат високообразовна и научноистражувачка дејност и за кадрите во стручната и административна служба;
14. реализира домашни и меѓународни проекти во согласност со актите на Универзитетот и на Факултетот;
15. се грижи и презема мерки за тековно и инвестиционо одржување на објектите и имотот;
16. ги уредува формите на стручно и професионално усовршување;
17. води евиденции согласно со Правилникот за водење евиденции за високото образование;
18. разни видови осигурувања;
19. врши и други работи утврдени со закон, со Статутот и со другите акти на Универзитетот и на Факултетот.

## VIII. ВНАТРЕШНА ОРГАНИЗАЦИЈА НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 22**

За вршење на својата дејност, Факултетот може да ги основа следниве внатрешни организациони единици: институти, катедри, одделенија, центри, лаборатории, библиотеки, стручна служба и др.

**Институти**

**Член 23**

Институтите се основни внатрешни наставно-научни организациони единици на Факултетот. Во рамките на институтите се формираат: библиотеки, институтски лаборатории, музејски збирки и катедри кои припаѓаат на соодветното научноистражувачко поле.

**Член 24**

Институтите се формираат за определено научноистражувачко поле за организирање и изведување на наставно-образовна дејност поврзана со соодветното научноистражувачко поле, развојни, применувачки и фундаментални проекти.

Членови на институтот се наставниците и соработниците кои се во работен однос на Факултетот, задолжени за изведување на наставната и научноистражувачката работа по дисциплините што влегуваат во дејноста на институтот и стручните соработници кои се во функција на наставата и се во работен однос.

Во работата на институтите учествуваат стручните соработници без право да одлучуваат.

Институт може да се формира и работи согласно со условите наведени во Законот за високото образование и Статутот на Универзитетот.

Припадноста на вработените наставници и соработници кон одреден институт се утврдува врз основа на наставно-научната област на која се избрани во согласност со актот за систематизација на Факултетот.

**Член 25**

Институтите се основаат, се припојуваат и се делат во согласност со потребите на научноистражувачката и наставно-образовната работа, по претходно доставен елаборат за оправданост на постапката за што одлучува Наставно-научниот совет на Факултетот.

**Член 26**

Институтите во рамките на својата дејност:
1. остваруваат наставно-образовна, научноистражувачка и применувачка дејност;
2. соработуваат при подготвувањето на студиските програми и програмите за истражувачката работа;
3. ги разгледуваат прашањата и проблемите кои настануваат при реализирањето на студиските програми и ја насочуваат, усогласуваат високообразовната, научноистражувачката и применувачката работа;
4. организираат и остваруваат применувачка дејност;
5. изведуваат стручни, советувачки и други применувачки услуги;
6. се грижат за пренесувањето на научноистражувачките достигнувања

и новите знаења во наставно-образовниот процес и за нивното вклучување во студиските програми во трите циклуси на студии;
7. развиваат современи педагошки методи;
8. се грижат за создавањето и развој на научен подмладок;
9. се грижат за стручното и за научното усовршување на наставниците и соработниците;
10. го поттикнуваат вклучувањето на студентите во научноистражувачката работа на студентите;
11. ги проучуваат можностите и формите на пренесување на научноистражувачките резултати во практиката;
12. предлагаат учебници, учебни помагала и стручна литература;
13. предлагаат членови на рецензентски комисии;
14. вршење самоевалуација на работата на институтот и неговите членови;
15. предлагање распоред на часовите за предавања и вежби;
16. организација, подготовка и изведување на теоретската, лабораториската, практичната и теренската настава според студиската програма;
17. вршат и други работи утврдени со овој Статут.

**Член 27**

На Факултетот се основани и функционираат следниве институти наведени по хронолошки редослед со лаборатории, катедри и збирки:

1. Институт за филозофија;
   1.1 - Естетичка лабораторија.
2. Институт за педагогија;
   2.1-Лабораторија за компјутерска настава;
   2.2 - Дидактичко-методска лабораторија;
   2.3 – Медијатека;
3. Институт за историја;
4. Институт за историја на уметноста и археологија;
   4.1 – Музејска збирка;
5. Институт за класични студии;
6. Институт за психологија;
   6.1 - Психолошка лабораторија.
7. Институт за социологија;
   7.1 - Социо-демографска и статистичка лабораторија.
8. Институт за безбедност, одбрана и мир;
9. Институт за социјална работа и социјална политика;
10. Институт за специјална едукација и рехабилитација;
   10.1- Лабораторија за генетика и физиологија.
11. Институт за родови студии и
12. Институт за семејни студии.

**Член 28**

Со институтот раководи раководител кој е наставник од соодветниот институт.

Раководителите на институтите се избираат по изборот на декан со мандат од 3 години, со можност за уште еден реизбор.

Раководител на институтот се избира на тајни и непосредни избори, со мнозинство од вкупниот број присутни членови. На седницата треба да се присутни најмалку две третини од вкупниот број членови на институтот.

Деканот со одлука го потврдува избраниот раководител.

Вршењето на должност раководител на институт е неспоива со вршење на друга функција во рамките на Факултетот.

**Член 29**

Доколку институтот не избере раководител до денот на истекот на мандатот на постојниот раководител, деканот назначува в.д. раководител за време до 3 месеци, кој треба да ја започне и заврши постапката за избор на раководител најдоцна 15 дена пред истекот на мандатот.

Во случај на предвремен престанок на мандатот на раководителот, деканот во рок од 7 работни дена назначува в.д. раководител, кој постапува според став 1 од овој член.

Мандатот на новоизбраниот раководител трае до крајот од времето за кое бил избран претходниот (разрешен) раководител.

**Член 30**

Во отсуство на раководителот на институтот може да овласти наставник од институтот кој ќе го заменува за време на неговото отсуство за што писмено го известува деканот.

Во случај на отсуство на раководителот подолго од еден месец, деканот назначува в.д. раководител, но не подолго од три месеци.

По истекот на рокот од ставот 1 на овој член, се спроведува постапка за избор на нов раководител.

**Член 31**

Раководителите за својата работа одговараат пред деканот.

**Член 32**

На раководителот на институтот му престанува функцијата пред истекот на мандатот во следниве случаи:

- ако поднесе оставка;
- ако биде разрешен;
- ако му престанал работниот однос;
- во други случаи утврдени со закон.

Во случаите од ставот 1, алинеи 1 и 3, институтот со предлог-одлука (на записник) констатира дека на раководителот му престанал мандатот.

Деканот донесува одлука со која се констатира престанок на мандатот.

Деканот е должен за причините за предвременото разрешување на раководителот да ја извести Деканатска управа.

**Член 33**

Образложена иницијатива за разрешување на раководител на институт можат да поднесат најмалку една третина од вкупниот број членови на институтот, деканот или Деканатската управа.

Иницијативата се доставува до институтот и до деканот на Факултетот (доколку тој не е носител на иницијативата). Постојниот раководител е должен да свика состанок на институтот на кој ќе се одлучува со мнозинство гласови од вкупниот број на институтот за прифаќање или одбивање на иницијативата во рок од 7 дена од денот на достава на иницијативата за разрешување, кој со образложена предлог-одлука (на записник) ја прифаќа или ја одбива иницијативата.

Ако се прифати иницијативата, во рок од 15 дена се спроведува постапка за разрешување.

Институтот одлучува за разрешување на раководителот со мнозинство гласови од вкупниот број членови кои имаат право на глас.

Деканот е должен за причините за предвременото разрешување на раководителот да ја извести Деканатска управа.

Изборот на раководител за местото на разрешениот раководител се спроведува според постапката од член 30 утврдена од овој Статут.

**Член 34**

Раководителот на институтот:

1. ја организира и ја води работата на институтот и се грижи и е одговорен за навремено извршување на работите од дејноста на институтот;
2. ги свикува и ги води состаноците на институтот;
3. се грижи за редовното изведување на наставно-образовната и на научноистражувачката работа од областа на институтот;
4. ги извршува одлуките на органите на Факултетот, кои се однесуваат на работата на институтот;
5. ги известува органите на Факултетот за работата на институтот;
6. се грижи наставната ангажираност на наставниците и соработниците да биде порамномерна;
7. се грижи за работната дисциплина во институтот;
8. поднесува годишен извештај за својата работа пред институтот и пред деканот;
9. се грижи за состојбата на просторот и опремата што ги користи институтот;
10. свикува седница по барање на една третина од членовите на институтот;
11. ги известува вработените од институтот за работата на Деканатската управа;
12. ги потпишува актите што ги донесува институтот (записници, извештаи, предлози, мислења итн.)
13. врши и други работи што ќе му ги доверат органите на Факултетот.

**Катедри**

**Член 35**

Катедрите се формираат за наставни предмети од иста или од сродна научна област, со цел усогласување и развивање на

наставно-образовната, научноистражувачката и применувачката дејност.

Катедрата ја сочинуваат најмалку тројца од наставниците и соработниците од иста или сродна научна област што се негува на институтот, а кои покриваат најмалку пет наставни дисциплини (области).

Катедрите се основаат, припојуваат, делат или укинуваат по барање на институтите, по претходно доставен елаборат за оправданост на постапката, а со одлука на Наставно-научен совет.

Во работата на катедрата може да се вклучат и студенти, без право на одлучување.

**Член 36**

Катедрите во рамките на својата дејност:

1. соработуваат при подготвувањето на студиските програми и програмите за истражувачка работа;
2. остваруваат наставно-образовна, научноистражувачка и применувачка дејност;
3. ги разгледуваат прашањата и проблемите што настануваат при реализирањето на студиските програми и ја насочуваат и усогласуваат високообразовната, научноистражувачката и применувачката работа;
4. со научноистражувачката дејност, особено со фундаменталните истражувања, развиваат научни дисциплини, врз кои се темелат студиските програми и научните дисциплини со сродни или интердисциплинарни поврзани области;
5. се грижат за пренесување на научноистражувачките достигнувања и новите знаења во наставно-образовниот процес и за нивно вклучување во студиските програми во трите циклуси на студии;
6. развиваат современи педагошки методи;
7. предлагаат теми за сите организирани циклуси на високото образование;
8. предлагаат учебници, учебни помагала и стручна литература;
9. вршат и други работи утврдени со овој Статут.

**Член 37**

Со катедрата раководи раководител.

Одредбите што се однесуваат на раководител на институт се применуваат и за раководител на катедра.

Раководителот на катедра за својата работа е одговорен пред деканот.

За предвремено разрешување на раководител на катедра се применува член 33 од овој Статут.

Вршењето на должност раководител на катедра е неспоиво со вршење на друга функција во рамките на Факултетот.

**Лаборатории**

**Член 38**

Институтска лабораторија се формира при институт за практично изведување на наставно-образовната, научноистражувачката и применувачката работа.

Лабораториите се основаат или укинуваат по барање на институтите, а со одлука на Наставно-научен совет.

Со лабораторијата раководи раководителот на институтот.

**Центри**

**Член 39**

Центрите се формираат заради изведување, организирање и поттикнување на научноистражувачката дејност, пренесување на употребата на современите методи на работа, сознанијата и достигнувањата, како и за изведување на информатички и информациско-документациски активности.

Центрите можат да вршат применувачка дејност.

Раководителот на центарот го избира и разрешува Деканатската управа на Факултетот, а со одлука го потврдува деканот.

**Член 40**

Елаборат за основање на центар може да поднесе наставник или наставници вработени на Факултетот. Предлогот за основање се доставува до Наставно-научниот совет кој донесува статутарна одлука за основање или укинување на центар.

Составот, делокругот и начинот на работа на центрите се утврдува со одлуката

за основање. Со одлуката за основање на центарот се утврдува за која цел се основа, просторот каде што ќе биде лоциран, кадровската екипираност, корисниците, финансиската конструкција на работењето на центарот, како и другите работи битни за негово функционирање.

Центар може да се формира доколку се обезбедени просторни и други материјални услови пропишани со актот за основање.

**Член 41**

Во рамките на меѓународната соработка или применувачката дејност, на барање на центарот, а со одлука на Наставно-научниот совет се основаат привремени и постојани претставништва, канцеларии и почесни седишта на домашни и меѓународни партнерски институции или претставништва на домашни и меѓународни институции со кои Факултетот, односно Универзитетот склучил договор.

**Член 42**

На Факултетот се основани и функционираат следниве центри:

1. Балкански центар за проучување на мирот;
2. Центар за образование и истражување;
3. Анкетен истражувачки центар;
4. Национален центар за континуирано образование за социјален развој;
5. Центар за изработка и примена на тестови – Психометрика;
6. Национален информатички центар за дефектолошки истражувања;
7. Центар за едукациска поддршка на Ромите (ЦЕПОР);
8. Центар за учебници по историја (ЦУИ);
9. Центар за менаџмент на човечки ресурси;
10. Центар за интеркултурни студии и истражувања;
11. Центар за интегративна биоетика;
12. Центар за доживотно учење.

**Член 43**

На Факултетот е формиран Центар за кариера, кој е дел од Центарот за кариера на Универзитетот. Составот, делокругот и начинот на работа на Центарот за кариера е утврден со актот за негово основање.

Заради остварување континуитет во соработката со дипломираните студенти на трите циклуси на студии, во рамки на Центарот, Факултетот основа Одбор за поддршка (алумни).

Одборот за поддршка има основна цел да ги продолжи контактите и да воспостави соработка со студентите што завршиле студии на Факултетот.

Деканатската управа со акт ги утврдува организацијата и работата на Одборот.

**Музејска збирка**

**Член 44**

За потребите на Институтот за историја на уметноста и археологија постои Музејска збирка која содржи археолошки предмети собрани од изведуваните научноистажувачки проекти. Музејот се користи во наставно-научниот процес и за други потреби.

Раководителот на Институтот за историја на уметноста и археологија на Факултетот раководи и е одговорно лице за работата на Музејската збирка и е должен да постапува согласно позитивните правни прописи кои ја уредуваат соодветната материја од областа.

**Стручна и административна служба**

**Член 45**

Стручните и административните работи ги врши стручната и административна служба на Факултетот како дел од интегрираната Стручна и административна служба на Универзитетот.

Со службата на Факултетот раководи секретар, кој за својата работа е одговорен пред деканот.

**Член 46**

Секретарот, по предлог на деканот, се избира од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот.

**Член 47**

Секретарот се грижи за правата, обврските и одговорностите од работниот однос на ненаставниот кадар. Доколку Факултетот нема секретар, одлучува деканот.

Секретарот, покрај правата и одговорностите утврдени со актот за систематизација му предлага на деканот решенија во врска со правата, обврските и одговорностите од работниот однос на ненаставниот кадар.

**Член 48**

Наставно-научниот совет може да го разреши секретарот на Факултетот по предлог на деканот на Факултетот, доколку во спроведена постапка се утврди дека неговата работа е спротивна на законот, актите на Универзитетот и овој Статут и кога ќе оцени дека не ги врши работите од својата надлежност.

**Член 49**

Поблиски одредби за организацијата и вршењето на работите во Стручната и административна служба се утврдуваат со актите на Универзитетот и на Факултетот.

**Библиотеки**

**Член 50**

Библиотеките се формираат во рамките на институтите на Факултетот. Библиотеките учествуваат и даваат свој придонес во креирањето на политиката на библиотечното работење во рамките на интегрираниот библиотечен систем на Универзитетот.

Библиотеките се грижат за набавка, евиденција, чување и дистрибуција на библиотечниот фонд составен од книги, списанија и др., од дисциплините што се изучуваат на институтот и од други сродни дисциплини на сите степени на образовниот процес.

Библиотеката на Факултетот ја собира, ја уредува и ја распоредува научната, студиската и стручната литература и на наставно-научните кадри, на соработниците и на студентите им ги дава информациите и знаењата за студиите и за научната работа, ги образува од гледна точка на употребата на библиотечниот фонд и од гледна точка на барањето информации и изработува библиографија за високообразовните наставници и научни работници.

Одговорно лице за работењето на библиотеката е лице задолжено за библиотечно работење.

**Член 51**

За формирање на внатрешна организациона единица на Факултетот, одлука носи Наставно-научниот совет. Доколку Наставно-научниот совет донесе одлука за формирање на внатрешна организациона единица, деканот назначува одговорно лице (наставник - координатор) од соодветна област кој ќе го координира и организира создавањето на услови за почеток со работа на организационата единица.

## ИЏ. ОСНОВАЊЕ ОРГАНИЗАЦИЈА

**Член 52**

По иницијатива на Факултетот, Универзитетот може да основа друга организација согласно со Статутот на Универзитетот.

Факултетот може да основа друга организација согласно со Статутот на Универзитетот.

## Џ. ОРГАНИ НА ФАКУЛТЕТОТ

**Член 53**

Органи на Факултетот се: Наставно-научен совет, декан и Деканатска управа.

**Наставно-научен совет**

**Член 54**

Наставно-научниот совет на Факултетот е орган на управување и стручен орган.

**Член 55**

Членови на Наставно-научниот совет се: редовните и вонредните професори и доцентите, кои се во редовен работен однос на Факултетот, како и претставници кои ги избира Факултетското студентско собрание.

Бројот на претставниците од редот на студентите изнесува 10 % од вкупниот број членови на Наставно-научниот совет, односно претставува првиот нареден цел број од 10 %. Бројот на студентите во Наставно-научниот совет е променлив во зависност од вкупниот број членови на Наставно-научниот совет.

Мандатот на студентите во Наставно-научниот совет е две години.

Во работата на Наставно-научниот совет учествува и секретарот, без право на одлучување.

**Член 56**

Претставниците на студентите се избираат од Факултетското студентско собрание, по принцип најмногу еден претставник од секој институт, односно од мултидисциплинарни студии.

Промената на бројот на претставниците се констатира при утврдувањето на кворумот на седница на Наставно-научниот совет, односно најмалку еднаш годишно.

Со Статутот на Факултетското студентско собрание се утврдува постапката и начинот за избор на претставници на студентите во Наставно-научниот совет.

**Член 57**

Присуството на седниците на Наставно-научниот совет е задолжително.

Членовите избрани во комисиите и телата на Наставно-научниот совет имаат право и обврска да учествуваат во нивната работа.

**Член 58**

Наставно-научниот совет, за студиските програми од втор циклус, може да формира наставно-научни колегиуми со кои раководат раководители.

Сродни студиски програми можат да формираат еден наставно-научен колегиум.

Надлежности и одлучување на Наставно-научниот совет

**Член 59**

Наставно-научниот совет:

1. донесува Статут на Факултетот;
2. донесува тригодишна програма за развој и годишна програма за работа;
3. избира декан и му ја доставува одлуката за избор на Сенатот за потврдување,
4. избира продекани;
5. избира членови во Сенатот;
6. му предлага на Сенатот студиски програми;
7. донесува програма за научноистражувачка работа;
8. распишува конкурс за избор во наставно-научно звање и соработничко звање за засновање на работен однос;
9. врши избор во наставно-научни звања: доцент, вонреден професор и редовен професор, во соработнички звања и демонстратори;
10. предлага број на студенти кои се запишуваат на прв, втор и трет циклус студии;
11. донесува одлука за распоред на работни задачи за наставниците и соработниците за секоја академска година;
12. го усвојува финансискиот план и донесува завршна сметка (финансискиот годишен извештај) во рамките на единствениот финансиски план на Универзитетот и консолидираната завршна сметка на Универзитетот;
13. му предлага на Универзитетот, односно кога тоа е определено со закон, на основачот, измена или проширување на дејноста во согласност со закон;
14. ги донесува општите акти на Факултетот;
15. донесува мерки за создавање и усовршување на наставно-научниот подмладок и за работа со особено успешни и талентирани студенти;
16. донесува мерки и одлучува за унапредување на наставната, научноистражувачката, применувачката работа и за компјутерската мрежа;
17. избира и разрешува секретар на Факултетот;
18. ги избира членовите на комисијата за самоевалуација и донесува упатство за евалуација на Факултетот во согласност со Правилникот за стандардите и постапката за самоевалуација и надворешна евалуација што го донесува Националниот совет за високото образование и Упатството на Универзитетот;
19. одлучува за библиотеките, за библиотечно-информацискиот систем

и за остварувањето на библиотечно-информациската и документационата дејност, во согласност со Статутот на Универзитетот и овој Статут;

20. одлучува за организирање на меѓународни собири, симпозиуми, советувања и слично;
21. одлучува за остварувањето на меѓународната соработка согласно со Статутот на Универзитетот и овој Статут;
22. ја разгледува иницијативата за предвремено престанување на изборот;
23. одлучува за платено или неплатено отсуство за вработените наставници и соработници и обезбедува нивна замена;
24. утврдува потреба од нови наставници и соработници;
25. распишува конкурс за прв избор во наставно-научни, научни, насловни и соработнички звања и засновање на работен однос на лица кои се избрани за првпат во соодветното звање, освен за насловните звања;
26. им дава согласност на наставниците и соработниците за изведување настава на друг факултет;
27. дава мислење до Сенатот заради добивање согласност наставниците и соработниците од Факултетот да можат да изведуваат настава на друг универзитет;
28. избира свои претставници во Одборот за соработка и доверба со јавноста;
29. избира членови на дисциплинската комисија за одговорност на студентите;
30. по претходно добиено одобрение од Ректорската управа поканува визитинг-наставници, афирмирани научници и стручњаци од практиката;
31. одлучува за склучување договори за соработка со странски универзитети согласно со Законот за високото образование;
32. одлучува за склучување на договори за двојна диплома (доубле дегрее) или заедничка студиска програма (јоинт дегрее) согласно со Законот за високото образование;
33. организира различни облици на неформално учење согласно со Законот за високото образование;
34. донесува одлука за започнување на постапката за избор на декан;
35. формира изборна комисија за спроведување постапка за избор на декан;
36. избира членови на рецензентски комисии;
37. формира комисија за обезбедување квалитет;
38. донесува деловник за работа на органите и телата на Факултетот;
39. го разгледува извештајот за работа од заменик-студентскиот правобранител;
40. на наставникот кој не го исполнува минималниот број на часови при утврдување на наставна дејност за учебната година/семестар со одлуката за распоредот на часовите и наставата (обезбеденост на наставата), му определува (доделува) часови на настава од сродна научна област. Вкупниот број на часови настава, по можност, се распределува рамномерно;
41. врши и други работи утврдени со закон, Статутот на Универзитетот, со овој Статут и со другите акти на Универзитетот и на Факултетот.

Наставно-научниот совет полноважно одлучува доколку на седницата присуствуваат повеќе од половината од вкупниот број негови членови, а одлуките ги донесува со мнозинство гласови од присутните членови.

За работите од ставот 1, точки 1, 3, 4, 5 и 7 на овој член, Наставно-научниот совет може полноважно да одлучува доколку се присутни две третини од вкупниот број негови членови, а одлуката се смета за донесена ако за неа гласало мнозинството од присутните членови на Советот.

**Член 60**

Наставно-научниот совет одлучува со јавно гласање, освен за работите утврдени со закон и со Статутот на Универзитетот и со овој Статут.

За избор и разрешување на: декан, продекани и за избор на сенатори, Наставно-научниот совет одлучува со тајно гласање.

Наставно-научниот совет, со јавно гласање, може да одлучи да се спроведе тајно гласање и за прашања за кои се гласа јавно.

При изборот во наставно-научни, научни и соработнички звања, како и демонстратори, не учествуваат студентите.

**Член 61**

Седниците на Наставно-научниот совет ги свикува и со нив раководи деканот на Факултетот.

Во отсуство на деканот, по негово овластување, со седницата на Наставно-научниот совет раководи еден од продеканите.

Деканот е должен да свика седница на Наставно-научниот совет доколку тоа го бара 1/5 од членовите.

Седниците на Наставно-научниот

**Член 62**

Факултетот, од редот на професорите, со тајно гласање избира два претставника во Сенатот на Универзитетот.

Мандатот на членовите на Сенатот на Универзитетот трае три години, со право на уште еден избор.

Избрани се оние кандидати кои добиле мнозинство гласови од присутните членови.

Доколку се пријавени повеќе кандидати и во првиот круг не се избрани кандидати, односно кандидат, гласањето се повторува, при што секој нареден круг отпаѓа кандидатот што добил најмал број гласови.

Ако во случајот од претходниот став на овој член не се избрани кандидати, односно кандидат, постапката за предлагање се повторува со нови кандидати.

За прашањата за кои одлучува сенатот, членовите на Универзитетскиот сенат добиваат насоки од Наставно-научниот совет и од деканот на Факултетот.

Членовите на Универзитетскиот сенат имаат обврска да го информираат Наставно-научниот совет и деканот за работата и одлуките на Сенатот.

**Декан**

**Член 63**

Деканот е раководен орган.

Деканот го застапува и го претставува Факултетот во земјата и во странство, во согласност со Статутот на Универзитетот и овој Статут.

Вршењето на должноста декан е неспоиво со вршењето на друга јавна функција или функција во политичка партија.
Надлежност на деканот

**Член 64**

Деканот, во рамките на вршењето на својата раководна функција:

1. ги извршува одлуките и заклучоците на Сенатот и ректорот на Универзитетот, како и на Наставно-научниот совет и Деканатска управа;
2. ги спроведува овластувањата пренесени од ректорот согласно со Статутот на Универзитетот, Наставно-научниот совет и на Деканатската управа;
3. се грижи за усогласено вршење на високообразовната, уметничката, научно-истражувачката и применувачка дејност;
4. ги свикува седниците на Наставно-научниот совет и на Деканатската управа, го предлага дневниот ред и претседава со нив;
5. ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучува Деканатската управа;
6. на Наставно-научниот совет му поднесува предлози на одлуки и заклучоци за прашањата чие разгледување и решавање е во негова надлежност;
7. распишува конкурс за избор на лица избрани во наставно-научни, научни и соработнички звања, најрано 7, а најдоцна 6 месеци пред истекот на времето за коешто се избрани;
8. одлучува по барањата на наставниците да не се продолжи рокот за распишување на конкурс за избор во звања за времето поминато на породилно отсуство, боледување подолго од три месеци, како и мирување на работниот однос во случаи определени со закон;
9. потпишува договор за вработување на лицата избрани во звања заедно со ректорот;

10. ги промовира студентите што завршиле прв и втор циклус студии и доделува награди;
11. управува со имотот на Факултетот и се грижи за неговото одржување, во рамките на овластувањата определени со Статутот на Универзитетот и со овој Статут;
12. покренува образложена иницијатива за предвремен престанок на изборот во звање;
13. потпишува уверенија и други документи што се издаваат за студентите во текот на студиите и по дипломирањето/магистрирањето;
14. одлучува за правата, обврските и одговорностите на наставниот кадар од работниот однос кои не се во надлежност на органите и телата на Универзитетот и Факултетот;
15. формира постојани и повремени работни тела, за работи од неговата надлежност и утврдува надоместок за нивната работа согласно со актите на Факултетот;
16. одлучува за барањата на студентите доколку не е поинаку уредено со актите на Универзитетот;
17. се грижи за реализацијата на Годишниот план за јавни набавки;
18. го потврдува изборот на раководители на институти;
19. го потврдува изборот на раководители на катедри;
20. го потврдува изборот на раководители на колегиуми;
21. покренува иницијатива за разрешување раководители во услови и постапка утврдена со член 30 од овој Статут;
22. донесува одлуки за јавни набавки согласно Законот за јавни набавки;
23. донесува одлуки, решенија и други правни акти од дејноста на Факултетот, освен актите кои се во надлежност на Наставно-научниот совет и на Деканатската управа;
24. врши и други работи согласно со закон, Статутот на Универзитетот и со овој Статут.

Деканот е должен, најмалку еднаш во годината, до Наставно-научниот совет и до ректорот на Универзитетот да поднесува извештај за својата работа.

Деканот е одговорен за законитоста и статутарноста на работата на органите на Факултетот и има право и должност да запре од извршување општ акт и одлука на овие органи за кои смета дека не се во согласност со законот, Статутот на Универзитетот, овој Статут и со другите акти на Универзитетот и на Факултетот и за тоа го известува ректорот, кој донесува одлука по спорното прашање.

За вршење на дел од своите права и обврски, деканот може да овластува одделни продекани.

**Избор на декан**

**Член 65**

Деканот се избира од редот на редовните и вонредните професори на Факултетот, а доколку нема редовни и вонредни професори, и од редот на доцентите, за време од три години, со право на уште еден избор, под условите утврдени со Статутот на Универзитетот.

Одлуката за изборот на декан ја потврдува Сенатот.

**Член 66**

Наставно-научниот совет го врши изборот на декан на седница, со тајно гласање, на начин и во постапка утврдени со Статутот на Универзитетот, овој Статут и упатство за постапката за избор што го донесува Деканатската управа на Факултетот.

Наставно-научниот совет донесува одлука за започнување на постапката за избор на декан најдоцна шест месеци пред истекот на мандатот на постојниот декан, во која се определуваат роковите и начинот на спроведување на постапката за избор и составот на изборната комисија што ќе ја спроведе постапката за избор во согласност со Статутот на Универзитетот и овој Статут.

Избран за декан се смета оној кандидат кој добил мнозинство гласови од присутните членови на Наставно-научниот совет.

**Престанок на функцијата декан**

**Член 67**

На деканот, функцијата му престанува и пред истекот на мандатот:

1. ако поднесе оставка од функцијата за којашто е избран;
2. ако настане трајна спреченост за вршење на функцијата;
3. ако е разрешен од страна на Наставно-научниот совет на Факултетот;
4. ако Сенатот ја потврди одлуката за суспензија на деканот од страна на ректорот;
5. во други случаи определени со закон и со Статутот на Универзитетот.

**Член 68**

Ако Наставно-научниот совет не го прифати извештајот за работата на деканот, се смета дека е разрешен на истата седница и се известува ректорот да именува вршител на должноста декан.

Одредбата од став 1 се применува и во случаите кога мандатот на деканот престанал во други случаи утврдени со член 69 од овој Статут.

Деканот кој е разрешен има право на приговор до Сенатот во рок од 8 дена од денот на разрешувањето.

Одлуката на Сенатот по приговорот е конечна.

**Продекани**

**Член 69**

За вршење на дел од своите права и обврски, деканот може да ги овластува продеканите. Продеканите вршат работи што ќе им ги определи деканот за области од дејноста на Факултетот.

**Член 70**

Факултетот има 3 продекани, и тоа:

1. продекан за настава;
2. продекан за наука и меѓународна соработка;
3. продекан за финансии, инвестиции и развој.

**Член 71**

Продеканите се избираат од страна на Наставно-научниот совет, по предлог на новоизбраниот декан.

Гласањето за избор на продекани се спроведува на ист начин како за избор на декан.

Продеканите се избираат од редот на редовните и вонредните професори и доцентите.

Мандатот на продеканите, по правило, е три години со право на уште еден избор.

Мандатот на постојните продекани им продолжува до изборот на новите продекани кој се спроведува по изборот на новиот декан.

Деканот и продеканите се избираат од различни институти.

**Член 72**

Продеканите за својата работа одговараат пред деканот и Наставно-научниот совет на Факултетот.

Деканот може да поднесе предлог до Наставно-научниот совет за разрешување на некој од продеканите во случај ако тој со своето работење битно го нарушил работењето на Факултетот, ја злоупотребил својата функција, не ја извршува или несовесно ја извршува функцијата на која е избран, или на лично барање од продеканот.

Деканот може да назначи в.д. продекан за време најмногу до шест месеци.

Во случај на отсуство на продекан подолго од шест месеци, деканот доставува предлог за избор на нов продекан до Наставно-научниот совет.

Мандатот на новоизбраниот продекан трае до крајот од времето за кое бил избран претходниот продекан.

**Член 73**

Вршењето на должноста продекан е неспоиво со вршењето на друга јавна функција или функција во политичка партија.

Продеканот истовремено не може да биде и раководител на институт на Факултетот.

В.д. деканот може да назначи в.д. продекани.

**Деканатска управа**

**Член 74**

Деканатската управа е орган на управување на Факултетот.

Деканатската управа има 11 члена.

Деканатската управа има 5 постојани членови: деканот, продеканите и претседателот на Факултетско студентско собрание. Останатите 6 членови на деканатската управа се раководители на

институти, со ротирачки мандат од шест месеци, наизменично согласно редоследот наведен во член 28 од овој Статут.

На седниците на Деканатската управа, кога се на дневен ред прашања од заеднички интерес, присуствуваат раководителите на сите институти. Право на одлучување имаат само раководителите кои се членови на Деканатската управа согласно став 3 од овој член.

Во работата на Деканатската управа учествува и секретарот на Факултетот без право на одлучување.

Деканатската управа ја свикува и со седниците претседава деканот.

**Член 75**

Деканатската управа, во рамките на својата надлежност:

1. се грижи за остварувањето на дејноста и развојот на Факултетот и за односите со пошироката општествена заедница и државните органи;
2. донесува акти и го следи нивното извршување, освен актите кои се во надлежност на Наставно-научниот совет;
3. ги подготвува и ги предлага актите и материјалите за прашања за кои одлучуваат Наставно-научниот совет и деканот;
4. донесува одлуки за меѓународни научноистражувачки проекти;
5. врши избор на раководители на центри;
6. донесува одлуки за стручно усовршување на вработените наставници и соработници во траење подолго од четири дена.
7. донесува годишен план за јавни набавки;
8. одлучува по жалба на студентите против одлуките на деканот;
9. формира разни комисии и тела кои не се во надлежност на Наставно-научниот совет;
10. презема мерки за подобрување на работната дисциплина на Факултетот;
11. одлучува за правата од работен однос во втор степен;
12. одлучува по предлог на Комисијата за доделување награди и признанија;
13. го усвојува извештајот за попис;
14. врши и други работи определени со овој Статут.

**Член 76**

Деканатската управа работи на седници. Деканатската управа ја свикува и на седниците претседава деканот. Во отсуство на деканот, Деканатската управа ја свикува и на седницата, по овластување од деканот, претседава некој од продеканите.

Деканатската управа може да работи доколку на седницата се присутни повеќе од половината од вкупниот број членови.

Одлуките се сметаат за донесени доколку за нив гласале повеќе од половината од членовите на Деканатската управа.

## ЦИ. СТРУЧНИ ТЕЛА НА ФАКУЛТЕТОТ

**Наставно-научен колегиум на мултидисциплинарни студии на прв циклус**

**Член 77**

За организирање на мултидисципли-нарна програма на прв циклус студии организирани при Факултетот се формира Наставно-научен колегиум на студиска програма (во натамошниот текст: Колегиум).

Колегиумот има права и обврски кои се уредени со актите на Универзитетот и со овој Статут.

Колегиумот го сочинуваат наставниците вработени на Факултетот кои изведуваат настава по предметите кои се утврдени со студиската програма.

Со Колегиумот раководи Деканот.

Надлежност на Колегиум на мултидисциплинарни студии на прв циклус

**Член 78**

Колегиумот во рамките на својата надлежност:

- му предлага на Наставно-научниот совет број на студенти, услови и критериуми за запишување студенти;
- утврдува потреба за ангажирање наставник од друга единица на Универзитетот или од друг универзитет;
- се грижи за реализација на постапката за пријавување и за селекција на

кандидатите во согласност со условите од конкурсот;
- расправа по приговори во врска со уписот и носи одлуки за нив;
- поднесува до Наставно-научниот совет извештај за бројот на запишни студенти по студиски програми;
- ја подготвува и спроведува постапката за пријава, оценка и одбрана на дипломски труд;
- утврдува еквиваленција на положените испити според старите и новите студиски програми и ја доставува до деканот за донесување решение;
- доставува предлог до Наставно-научниот совет за воведување нови студиски програми и за измени и дополнувања на акредитираните студиски програми;
- врши други работи по барање на деканот и Наставно-научниот совет.

Наставно-научен колегиум на студиска програма за втор циклус студии

**Член 79**

За организирање на вториот циклус студии – постдипломски студии, за секоја студиска програма, се формира Наставно-научен колегиум на студиска програма за втор циклус студии (во натамошниот текст: Колегиум).

Колегиумот има права и обврски кои се уредени со актите на Универзитетот и со овој Статут.

Колегиумот го сочинуваат наставниците кои изведуваат настава по предметите кои се утврдени со студиската програма.

**Член 80**

Колегиумот во рамките на својата надлежност:
- му предлага на Наставно-научниот совет услови и критериуми за запишување студенти на втор циклус студии и за селекција на кандидатите;
- доставува предлог до Наставно-научниот совет за условите за запишување на кандидатите кои имаат завршено студиски програми на други факултети;
- се грижи за реализација на постапката за пријавување и за селекција на кандидатите во согласност со условите од конкурсот;
- расправа по приговори/жалба во врска со уписот и носи одлуки по нив;
- поднесува до Наставно-научниот совет извештај за бројот на запишани студенти по студиски програми;
- ја подготвува и ја спроведува постапката за пријава, одбрана и оцена на магистерскиот труд;
- доставува мислење до Наставно-научниот совет за подобност на пријавена тема за изработка на магистерски труд;
- на Наставно-научниот совет му предлага наслови на темите на магистерските трудови;
- на Наставно-научниот совет му предлага ментори на кандидатите;
- на Наставно-научниот совет му предлага комисии за оцена и одбрана на магистерските трудови;
- утврдува еквиваленција на положените испити според старите и новите студиски програми и ја доставува до деканот за донесување решение;
- доставува предлог до Наставно-научниот совет за воведување нови студиски програми и за измени и дополнувања на студиските програми од вториот циклус студии;
- врши и други работи по барање на деканот и Наставно-научниот совет.

**Раководител на Колегиумот**

**Член 81**

Со Колегиумот раководи раководител.

Колегиумот го избира раководителот од редот на своите членови.

Раководителот на колегиумот се избира со мандат од 3 години, со можност за реизбор.

Раководителот во рамките на својата надлежност:
- ја организира и ја раководи работата на Колегиумот;
- ги подготвува, свикува и ги води седниците на Колегиумот;

- се грижи за редовно извршување на работите кои произлегуваат од надлежноста на Колегиумот;
- ги известува органите на Факултетот за работата на Колегиумот;
- ги спроведува одлуките, заклучоците и другите акти на Колегиумот;
- ги потпишува записниците од седниците на Колегиумот;
- врши и други работи што произлегуваат од надлежноста на Колегиумот и по барање на Наставно-научниот совет и деканот.

**Член 82**

Одредбите од овој Статут за Колегиумот и раководителот соодветно се применуваат и за специјалистичките студии доколку се организираат.

За прашањата за кои одлучува Наставно-научниот совет, предлозите и мислењата на Колегиумот се доставуваат до Наставно-научниот совет во функција на одлучувањето, а Наставно-научниот совет нема обврска да ги прифати.

**Одбор за соработка и доверба со јавноста**

**Член 83**

За да оствари соработка и доверба со јавноста, деловната заедница, професионалните комори и со други институции и здруженија на граѓани од подрачјето во кое ги врши високообразовната дејност и научноистражувачката работа, како и за да оствари јавност и одговорност во вршењето на дејноста од јавен интерес, Факултетот формира Факултетски одбор за соработка и доверба со јавноста.

За член на одборот за соработка и доверба со јавноста не може да биде избрано лице кое согласно со одредбите од Законот за установите не може да биде член на орган на управување на установа.

Одборот за соработка и доверба со јавноста на Факултетот брои 5 (пет) члена, и тоа:

- 2 члена од Наставно-научниот кадар на Факултетот избрани од Наставно-научниот совет; - 1 член од Собранието на Република Северна Македонија;
- 1 член од Министерството за образование и наука;
- 1 член од Државниот архив на Република Северна Македонија.

Мандатот на членовите на одборот за соработка и доверба е три години.

Одборот ќе дава препораки и совети во врска со:

- студиските програми;
- континуирано учење;
- соработка на Факултетот со стопанството, државните органи и локалната самоуправа.

## XII. ПРИМЕНА НА АКТИТЕ НА УНИВЕРЗИТЕТОТ

**Член 84**

Одредбите од Статутот и другите акти на Универзитетот, со кои се регулираат високообразовната дејност, наставно-научните и соработничките звања, студентите, самоевалуацијата, финансирањето на дејноста и имотот на Факултетот, издавачката дејност, за вршење на стручните и административните работи и др., соодветно се применуваат во работењето на Факултетот.

## XIII. ДЕЛОВНИЧКИ ПРАШАЊА

**Член 85**

Начинот на работа (деловнички прашања) на Наставно-научниот совет, Деканатската управа, работните и стручните тела и комисии, како и на организационите единици се утврдуваат со деловник.

## XIV. СТУДИИ

**Член 86**

Факултетот организира студии од трите циклуси на студии: прв циклус – додипломски студии, втор циклус – постдипломски студии и трет циклус – докторски студии.

**Член 87**

Наставните обврски се состојат од: предавања, аудиториумски и лабораториски вежби, изработка на семинарски работи, елаборати, проекти, изработка на домашни работи, студентска стручна практика,

теренска настава, консултации и испити, во обем утврден со студиската програма.

**Член 88**

За секој предмет што се предава треба да постои објавен учебник, скрипта односно умножени предавања на македонски јазик или монографија, објавени авторски трудови и други стручни публикации.

Ако учебникот, односно учебното помагало не ја покрива целата предметна програма, тогаш должност е на наставникот, на почетокот на семестарот, на студентите да им ја стави на располагање разликата на необјавени предавања во вид на умножени предавања.

За секој предмет од кој се изведуваат аудиториски вежби треба да постои збирка на задачи или умножени задачи.

За секој предмет од кој се изведуваат лабораториски вежби, треба да постои упатство за изработка на вежбите.

**Програми за стручно и професионално усовршување**

**Член 89**

На Факултетот можат да се организираат различни програми на стручно, односно професионално усовршување во рамките на концептот на доживотно учење согласно со закон, Статутот и другите акти на Универзитетот.

Со одлуката за организирање на студии од став 1 на овој член се уредуваат условите за запишување, следење и завршната проверка на знаење на лицата што ги посетувале овие програми, како и цената што ја плаќаат за нивна посета.

Покрај програмите од став 1 на овој член, Факултетот може да организира различни облици на неформално учење согласно со закон. Одлука донесува Наставно-научниот совет, по предлог на Деканатската управа.

**Промоција на завршени студенти**

**Член 90**

На Факултетот, најмалку еднаш во текот на годината, се врши промоција на студентите што дипломирале, односно магистрирале. Дипломите и наградите на најдобрите дипломирани студенти ги доделува деканот на Факултетот, на свеченост.

## XV. ОРГАНИЗИРАЊЕ НА СТУДЕНТИТЕ И УЧЕСТВО НА СТУДЕНТИТЕ ВО УПРАВУВАЊЕТО

**Факултетско студентско собрание**

**Член 91**

Факултетското студентско собрание е тело на Факултетот во кое членуваат претставници од студентите од Факултетот, кои ги претставуваат нивните интереси, барања и предлози.

Факултетското студентско собрание има свои органи и тела кои ги утврдува со Статут, кој го донесува по претходна согласност на Наставно-научниот совет на Факултетот.

**Член 92**

Членовите и претседателот на Факултетското студентско собрание се избираат на непосредни, фер и демократски избори со тајно гласање, со мандат од една година и со право за уште еден избор.

**Член 93**

Изборите од член 98 од овој Статут, со одлука, ги распишува деканот на Факултетот во рок од 30 дена пред нивното одржување.

Доколку деканот на Факултетот не ги распише изборите за Факултетското студентско собрание во рокот определен во ставот (1) на овој член, изборите ги распишува ректорот на Универзитетот во рок од три дена од истекот на рокот од ставот (1) на овој член.

Во одлуката од став 1 на овој член, деканот именува изборна комисија која ги спроведува изборите за членови на Факултетското студентско собрание.

Во изборната комисија членуваат двајца наставници, односно соработници и тројца студенти со мандат 3 години.

Изборната комисија работи согласно со Упатство донесено од Деканатската управа на Факултетот.

Комисијата од став 3 на овој член избира избирачки поткомисии за спроведување на изборите на ниво на институти/интердисциплинарни студиски рограми.

**Член 94**

Изборите се спроведуваат во работни денови во текот на неделите за настава во соодветниот семестар.

**Член 95**

Факултетското студентско собрание брои најмногу до 52 (педесет и два) претставници на студентите со мандат од 1 година со право на уште еден избор.

Претседателот на Факултетското студентско собрание се избира од редот на именуваните претставници во Факултетското студентско собрание.

Претседателот на Факултетското студентско собрание се избира за време од една година, со право за уште еден избор.

Факултетското студентско собрание има свои органи и тела кои ги утврдува со статут, кој го донесува по претходна согласност на Наставно-научниот совет на Факултетот.

Претседателот на Факултетското студентското собрание ги извршува одлуките на Факултетското студентско собрание, ги застапува студентите и Факултетското студентско собрание и е одговорен за неговата работа.

**Член 96**

Право да избираат и да бидат избрани за членови на Факултетското студентско собрание имаат сите студенти на Факултетот, кои се запишани на студии во учебната година/семестар во кој се избира претседателот и Факултетското студентско собрание.

**Член 97**

Факултетот обезбедува услови за успешно спроведување на изборите за претседател и Факултетското студентско собрание.

Доколку член на Студентското собрание ги заврши студиите неговиот мандат во Студентското собрание престанува. На негово место се делегира нов член од собирот на студентите од соодветната студиска година.

**Финансирање на Факултетско студентско собрание**

**Член 98**

Работата на Студентско собрание се финансира со средства на Факултетот, како и од други извори согласно со планот за активности и можностите на Факултетот, согласно со закон и акт на Факултетот.

Студентските собранија располагаат со средствата на начин утврден со нивниот статут.

Факултетот е должен да му овозможи на Студентското собрание автономно располагање со средства за нивната работа согласно со закон и нивните општи акти.

Факултетот врши надзор над наменското трошење на средствата кои му се доделуваат на Студентското собрание.

Факултетското студентско собрание доставува годишен извештај за трошењето на средствата. Извештајот се доставува во рок од еден месец од истекот на шестмесечниот период. Извештајот, со образложена одлука, се усвојува или не се усвојува од страна Наставно-научниот совет.

**Заменик-студентски правобранител**

**Член 99**

На Факултетот, од страна на Факултетското студентско собрание, се избира заменик- студентски правобранител врз основа на објавен конкурс од редот на студентите од Факултетот, со мандат од две години, без можност за реизбор.

Заменик-студентскиот правобранител постапува по поднесок од страна на студент и по сопствена иницијатива доколку увидел дека е прекршено право на студент од страна на органите на Факултетот или друг член на академската заедница на Факултетот.

Органите на Факултетот, односно членот на академската заедница се должни да ги разгледаат укажувањата на заменик-студентскиот правобранител.

Претседателот на Факултетското студентско собрание доставува одлука за извршениот избор од став 1 на овој член и ја доставува до деканот во рок од 3 (три) дена од извршениот избор.

**Учество на студентите во управувањето**

**Член 100**

Претставниците на студентите во органите и телата на Факултетот ги избира Факултетското студентско собрание од редот на редовните студенти на Факултетот.

Претседателот или овластено лице на Факултетското студентско собрание свикува

состанок на кој се врши избор или разрешување на претставници на студентите во органите и телата на Факултетот, за што до деканот се доставуваат потпишани записник и одлука за извршениот избор во рок од 3 дена по извршениот избор.

## XVI. ОТСУСТВО ОД РАБОТА

**Член 101**

На наставниците и на соработниците вработени на Факултетот, на секои пет години може да им се одобри платено отсуство во траење до една година, односно неплатено отсуство во траење до три години заради стручно, односно научно усовршување во соодветната научна област или за престој на високообразовна, научна установа со статус во наставно-научно или научноистражувачко звање.

Лицата што користат платено отсуство во траење од една година можат да користат и неплатено отсуство уште две години.

Наставно-научниот совет одлучува за отсуството од став 1 на овој член на предлог од институтот каде што припаѓа наставникот, односно соработникот, во кој предлог се наведува дека е обезбедена замена.

Правото на платено, односно неплатено отсуство се користи согласно со програма која на предлог на лицата од став 1 на овој член ја донесува Наставно-научниот совет.

Предлогот од став 4 на овој член содржи: област на усовршување, односно истражување, времетраење, очекувани резултати, назив на установата и сл.

**Член 102**

Лице избрано во наставно-научно звање на шест години извршена работа има право на продлабочување на усовршувањето на подрачјето кое е предмет на негово истражување во вкупно траење од најмногу 12 месеци, при што педагошката обврска (држење настава) се прераспределува на други наставници, така што не смее нивната оптовареност да се зголеми за повеќе од една третина.

## XVII. ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

**Член 103**

Постојниот декан, продекани и раководители избрани пред влегувањето во сила на Законот за високото образование (Сл. весник на Република Македонија бр. 82/18), продолжуваат да ги вршат своите функции до истекот на времето за кое се избрани.

**Член 104**

Одредбите од членот 75, став 3 од овој Статут ќе започнат да се применуваат по истекот на времето за кое се избрани постојните раководители на институти избрани пред влегувањето во сила на Законот за високото образование (Сл. весник на Република Македонија бр. 82/18).

**Член 105**

Толкувања на одредбите на овој Статут дава Наставно-научниот совет.

Согласност на овој Статут дава Сенатот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

**Член 106**

Општите акти на Факултетот се објавуваат во јавното гласило на Универзитетот и стапуваат во сила со денот на објавувањето.

**Член 107**

Овој Статут влегува во сила со денот на објавувањето во *Универзитетски гласник*.

**Д е к а н**

**проф. д-р Ратко Дуев, с.р.**

Врз основа на член 94, став 1, алинеја 1 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018) и член 157, став 1, алинеја 8 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје („Универзитетски гласник“ бр. 425/2019), Универзитетскиот сенат на 34. седница одржана на 27.9.2019 година, ја донесе следнава

# О Д Л У К А
## за давање согласност на Статутот на Филозофскиот факултет во Скопје

**Член 1**

Се дава согласност на Статутот на Филозофскиот факултет во Скопје во состав на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, со внесени забелешки од Комисијата за нормативна дејност на Универзитетот.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Универзитетски гласник*.

**Р е к т о р**
**Проф. д-р Никола Јанкуловски, с.р.**